од Горѓи Прќовски од
с. Подмочан

11-II-1963 г.
с. Подмочан.

Здраво Јордан!

Сигурен сум дека ќе ве изненади ово писмо, а нема да се излажам, ако помислам дека читајќи ќе ве зарадува.

Можеби мене не познавате, а можеби не́. Горѓи Прќевски син на Јонче, ученик сум II гор. пр гимназијата „Стив Наумов" – Ресен.

Сум читал доста книжевни дела, доста раскази, романи во разни содржини, од кои најповеќе ме занимале оние пишувани за борби, конкретно за истакнати борци во НОБ.

А онаа приказна што се прикажува скоро во секоја подмочанска куќа во долгите вечери, приказната за вашата борба со вашиот мил и никогаш не заборавен братучед Косте, конкретно за смртта на покојниот Косте, ми оставила длабок впечаток во мојава глава, што кој знае колку пати сум ја слушнал со моиве уши, впечаток, што никогаш нема да излета од мене.

И често сум размислувал:– Овие најмлади партизани кој најпрвин кренале рака од нашето село против непријателот, дали би требало да се заборават, И дали би можело да се не́ заборават И како! И веднаш сум наоѓал одговор во тоа што – Нема да се заборават ако за нив се најди таков човек, кој чувствително ќе ја сфати нивната борба (вашата) и пеејќи, да го слуша целиот југословенски народ.

И еве, улогата на таквиот човек ја наметнив јас.

Вие, токму на возраста моја, сте излегле партизани најмлади, и најпрви, со смелост и патриотизам во вашите глави сте излегле од нашето село, вие бевте првите претставници во југословенската борба од наше Подмочан, и сето тоа го сторивте во моја денешна возраст, возр

Која ~~што~~ човек е – како што велат старите – На младите години и токму кога стоіаш вие би требало да видите што е тоа младост, вие полни со патриотски чувства не сакавте да го гледате фашизмот да беснее сред нашава јатка.

И денес кога ќе си речам — еве на моја воздраст Косте и Јордан влеле во оган и како би ми било да сум јас во нивната положба? Верувај ~~дека~~ Јордане дека колку пати го таі сум ви честитал.

И целта на ова писмо е следнава:

– За Вас и Косте деновиве ја привршив стихотворбата (песната) за вашата борба, смелост, а поконкретно за смртта на Косте, во која песна скоро во секоја строфа се споменувате и вие. Према тоа песната го носи насловот „Смртта на Косте Кусаковски" составена од 64 строфи.

Мачен сум работел од почетокот на септември год. па се до овие денови. Мислам дека ќе може да се отпечати во некоја скопска печатница во вид на книга, во мал формат односно „брошурка" од околу десетина листа. Со оваа песна сакам да не се заборават вашите имиња, т.е да ве овековечам до којзнае кога. И вие ако тоа ми го дозволите тоа да го сторам одговорете ми. И бидете трудољубиви да ја примите песната прво вие и бидејќи се наоѓате во центарот на писателите, а верувам дека сигурно некој се познавате да ја однесете да ја коригираат и покрај тоа што јас ќе ја задам да се коригира кај нашиот професор по македонски јазик, а после да ја однесете во некоја печатница што набрзу ќе се отпечати.

Ако се слагате со сето ова, ве молам одговорете ми уште веднаш бидејќи ќе бидам во нетрпение секој ден, па веднаш ќе ви ја испратам песната. Пишувајќи сум се трудел да ги опишам моментите, онакви какви што биле. Еве ако сакате прочитајте ги овие строфи:

Здраво Јордан —  15-III-1963
с. Подмочан

17-II-63 - недела. Еве, на овој ден го добив Вашето писмо со материјалот кој многу ми помогна во моето пишување. Бев на сред село и ми кажаа за ова. А, какви ли зборови да пронајдам па да Ви објаснам колку бев радосен и со колкава брзина појдов дома да ги прочитам, а кои Коле ми ги имаше пред малку донесено.

Само ете. Виновен сум. Се извинувам што уште толку ова писмо не Ви го испратив. Но сепак учителската служба треба редовно да се врши.

Почитуван Јордан! Најпрвин писмото Ваше го прочитав и се разбрав што ми пишевте со вашата рака, а мислевте со Вашата паметна глава. Многу се израдував кога ја прочитав онаа реченица во која ми пишевте дека - по моја оцена стихотворбата е добра т.е заокружена. Но, уште повеќе се израдував кога ги прочитав оние забелешки што ми ги пронајдовте во строфите. Да, ми кажуваа луѓе кои не присуствувале на главната тема од мојата песна - ете, и луѓето секогаш, секој случај го препричуваат т.е го изменуваат онака како што сакаат. И ете. Дури сега од вас добив точнос за случајот, и дури сега ќе го напишам онака како што бил и како да сум бил таму и да сум присуствувал. Па ете затоа Јордане се израдував кога ги прочитав оние Ваши забелешки, односно кога ја пронајдов точноста на случајот.

Почитуван Јордан! Песната како што ви пишав порано, се состои од 64 строфи. Но бидејќи го добив Вашиот матери

јал, не многу ќе ја наголемам, но само
за десетина строфи. Забелешките
Ваши ги поправив. И како таква, пес-
ната 2 седмици беше кај најдобрата
ученичка од Ресен, мислам за пишување
на песни, па сепак и таа во мала мера
ми поправи. Дури таа ја коригираше пес-
ната, јас во слободно време, ги пишував
останалите десетина строфи. И еве
сега сум при крај.
Јас Ви пишев, кога ви испратив некол-
ку извадоци од песната ш.е строфи, дека
ќе биде без веза. Али сигурен сум, кога
ќе ја прочитате целосно песната, со
солзи на очите ќе го правите тоа. Таа
е пишана до сега онака како што бил
случајот.
Почитуван Јордан! Во писмото ми
пишувавте за Волчо Наумовски дека
ви бил ваш добар другар. Многу ме радува
тоа. Но, дали вие разговаравте со него.
Пиши ми Јордане, дали ~~дз~~ одобрувате ли ја
песната, да ја испратам прво кај Вас
а после вие да ја однесите кај Волче Н.
ако сака он. Или пак испратете ми ад-
реса од него.
Материјалот еве ви го испраќам
по брат ми. Ви го испраќам заради
тоа, да не сакате уште да си пишу-
вате, да продолжите или воопшто да не
ви треба. А јас сум, како што ви прет-
ходно пишав, при крај на песната и мате-
ријалот не ми треба повеќе. Јас крајно
Ви се заблагодарувам за досегашната по-
моќ, и се извинувам ако нешто грешам.
На крај Ве поздравувам со хиљада поз-
драви, би сакал да ја поздравам Вашата
фамилија и воедно Вашиот другар
-писател Волче Наумовски каде ми е
уплатена мојата нада, за извесна помош. Горѓи

## Смртта на Косте Кусаковски

I

Изникна в село фиданче едно
растејќи брзо,
младо и вредно
Седумнаесет години живот штом сторе
гpaдинка го снема
беше в шума, горе.

евеја и IV.та строфа

Го мразеше Косте железниот род,
на уште повеќе,
шпионот – скот
Тој нарами пушка и бомби вреќе стегна
со едно чудо смелост
во борбата летна.

V

Рамо до рамо со братучед му Јордан
се спуштија еднаш
в темен трап – орман
Направија заседа во долинска страна
и решија двата
шпионот да го канат ....(фанат)

IX

Со врзани зад грб, двете раце снажни
тресејќи се и проговори
зборови лажни
– Наметни ми го кожувот, мој синко мил
да не ми студи,
да не се мачам, дури сум жив.

XIV

Јордан воодушевен стрча веднаш в трап
верувајќи, дека Косте
пука на шега
Но пред него лежеше Косте како крап
а шпионот како волчиште
долему бегал.

пиана
од Ѓорѓи Пржевски од с. Подмочани

XX

Угоре високо, удолу длабоко
обграден со стрмни
долински страни
Не знаеше Јордан, кој пат да го фати
верувајќи дека Косте,
нема да стани.

XXVIII

А мштиноит мито на Косте му отвори рани
мужде да им земи
на Талјан стана
Крвници клети решиле вчас
за Косте никако
да нема спас.

XXXI

Косте ги виде разбеснети стада
да бега, не можеше
од голема мака
За наведна главата како жедна трева
и пошна рацете
горе да ги крева.

итн., итн ....

Овие строфи како да се без веза пишувани, зашто се прескокнувани од I–II од III–V од V–IX од IX–XV строфа итн. итн.

но сето тоа си оди поред како што се случи, земајќи го она најтоанато. На некои места сум избегал во мала мера од целта, заради добивање сличност на зборовите или рима. Овие строфи ви ги напишав, во стварност да ги видите дали се добри и во каков стил се напишани.

Ете тоа за сега. На крај ве поздравувам и очекува што поскоро одговор од вас поздрави го и Мирче ваш.